**УНИБанка АД Скопје** има воспоставено и имплементирано интерен акт Правилник за заштитено внатрешно пријавување.

Заштитено пријавување е пријавување со кое согласно Законот за укажувачи, се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес*.

Укажувачот може да изврши пријавување кај овластеното лице, усно на записник, во писмена форма, или по електронски пат преку e-mail.

Банката врз основа на важечката регулатива овозможува целосна заштита на идентитетот, личноста и правата на Укажувачот.

Укажувачот ќе биде известен за приемот и постапувањето по поднесената пријава или согласно пријавата соодветно ќе биде упатен, во согласност со законските и подзаконските одредби, како и интерниот акт.

Злоупотребата на пријавувањето на Укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

**Јавен интерес се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.*

| |
|---|
| **Овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје:<br>Робертино Николоски** |
| **Телефон за контакт:<br>+389 2 3286 138** |
| **Адреса за прием на пријави:<br>Робертино Николоски, Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ул. „Максим Горки“ број 6, 1000 Скопје, со назнака “лична достава”.** |
| **Електронска пошта за прием на пријави:<br>robertino.nikoloski@unibank.com.mk** |